РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

# Билтен на месечни активности за месец септември 2021

Октомври, 2021

# Содржина

Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници ..... 1

Испит за административно управување ..... 1

Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен ..... 2

Соработка со други институции и меѓународна соработка ..... 3

Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса ..... 3

Јавни набавки ..... 3

Реализација на буџет ..... 4

# Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници

Врз основа на член 8-а став (1) алинеја 4 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 98/19, 42/20 и 74/21), а согласно Решението за распишување на избори за членови на советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија" број 185/2021 од 06.08.2021 година), **започнатите постапки за вработување на административни службеници се ставаат во мирување.**

# Испит за административно управување

Во текот на месец септември 2021 година спроведени се 8 испити за административно управување на кои се пријавиле 30 кандидати. Од нив на испитот се појавија 16 кандидати од кои испитот го положиле 14 кандидати (87%), а не го положиле 2 кандидати. Од кандидатите кои што се пријавени 16 се вработени во јавен сектор.

| Спроведени испити | Пријавени кандидати | Присутни на испит | Положиле | Неположиле | Јавен сектор | Приватен сектор | Невработен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | 30 | 16 | 14 | 2 | 16 | / | / |

*Табела 1. Административно управување септември 2021*

# Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен

До Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен во текот на септември 2021 година беа поднесени 10 жалби и приговори на административните службеници, од кои 8 жалби и приговори на државните службеници и 2 жалби и приговори на јавните службеници.

Во септември во просториите на Агенцијата за администрација беа одржани 5 седници, на кои беше одлучено по 7 жалби и приговори, од кои 5 жалби и приговори на државните службеници, а 2 на јавните службеници. Поради распишаните избори, за 3 предмети постапката беше ставена во мирување со заклучок. Поради барање на дополнителни податоци и одредени списи, 3 предмети, оформени во септември преминуваат во октомври 2021 година.

Од вкупниот број на одлучени жалби и приговори на државните службеници (вкупно 5): 2 се одбиени, 1 е уважена, 1 е ставена во мирување и 1 е мериторно одбиена.

Од вкупниот број на одлучени жалби и приговори на јавните службеници (вкупно 2): 2 се ставени во мирување.

| Број на примени жалби и приговори | | Број на обработени жалби и приговори државни (Д) и јавни службеници (Ј) | | Уважени | | Одбиени | | Отфрлени како недозволени | | Отстапени на друг орган | | Повлечени од подносител | | Не надлежност | | Мериторно уважени | | Мериторно одбиени | | Запрена постапка | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј |
| 8 | 2 | 5 | 2 | 1 | / | 2 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 | / | 1 | 2 |

*Табела 2. Обработени жалби во септември 2021*

# Соработка со други институции и меѓународна соработка

Агенцијата за администрација во текот на месец септември 2021 година оствари соработка со институциите во јавниот сектор за што има обработено 11 предмет од кои 3 се однесуваа на тековното работење на Агенцијата за администрација, а останатите 8 предмети се поврзани со надлежностите на Агенцијата, а се доставени од државни институции, адвокат и други, и тоа: Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер (1); Влада на Република Северна Македонија (1); Државно правобранителство на Република Северна Македонија (3); Управен суд (1); Виш управен суд (1) и адвокат (1).

Во текот на месец септември 2021 година, врасботени од Агенцијата присуствуваа на обука на тема: „Поддршка во спроведување на модернизирана правна рамка за заштита на личните податоци" реализирана на 30 септември 2021 година во хотел Double Tree by Hilton , Скопје, по покана од ЕУ Твининг Проект.

# Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса

На службената контакт е-маил адреса на Агенцијата пристигнати се вкупно 24 е-маил пораки во форма на прашања од заинтересирани граѓани, од кои одговорени се 5 електронски пораки, а за 19 електронски пораки е постапено согласно дадени насоки од надлежното раководно лице.

# Јавни набавки

Во текот на месец септември 2021 година, донесени се 2 Одлуки за јавни набавки и објавени се 2 огласи на ЕСЈН.

| Број на донесени Одлуки за јавни набавки | Објавени огласи на ЕСЈН | Број на донесени Одлуки за избор | Број на склучени договори |
|---|---|---|---|
| 2 | 2 | / | / |

*Табела 3. Јавни набавки септември 2021*

# Реализација на буџет

Во месец септември 2021 година реализацијата на буџетот е прикажана во следната табела:

| Ставка | Буџет 2021 година | Реализација на буџетот до 31.09.2021 | Реализација на буџетот од 01.09.2021 – 30.09.2021 | Преостанат буџет на располагање до 31.12.2021 |
|---|---|---|---|---|
| **401- основни плати** | 22.657.000,00 | 16.397.143,00 | 1.795.278,00 | 6.259.857,00 |
| **402-придонеси за социјално осигурување** | 8.953.000,00 | 6.367.584,00 | 696.403,00 | 2.585.416,00 |
| ***404-надоместоци*** | 650.000,00 | 0 | 0 | 650.000 |
| **420-патни и дневни расходи** | 60.000,00 | 15.000,00 | 0 | 45.000,00 |
| **421-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | 2.048.000,00 | 1.525.988,00 | 104.332,00 | 522.012,00 |
| **423-материјали и ситен инвентар** | 600.000,00 | 359.308,00 | 33.358,00 | 240.692,00 |
| **424-поправки и тековно одржување** | 2.008.000,00 | 905.530,00 | 27.612,00 | 1.102.470,00 |
| **425-договорни услуги** | 2.300.000,00 | 1.240.767,00 | 126.379,00 | 1.059.233.,00 |
| **426-други тековни расходи** | 400.000,00 | 275.465,00 | 29.800,00 | 124.535,00 |
| **464-разни трансфери** | 240.000,00 | 163.823,00 | 0 | 76.177,00 |
| **465-исплата по извршни исправи** | 37.000,00 | 36.749,00 | 0 | 251,00 |
| **480-купување на опрема и машини** | 421.000,00 | 420.708,00 | 0 | 292,00 |
| **483-купување на мебел** | 50.000,00 | 0 | 0 | 50.000,00 |
| **485-вложување и нефинансиски средства** | 2.805.000,00 | 924.466,00 | 0 | 1.880.534,00 |
| ВКУПНО | **43.229.000,00** | **28.632.531,00** | **2.813.162,00** | **14.596.469,00** |

*Табела 4. Реализацијата на буџетот на Агенцијата*